***З А П И С Н И К***
***од итна седница Совет на Општина Демир Хисар***
***одржана на 13.07.2021 година***

Седницата се одржа во Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар со почеток во 12 $^{00}$ часот.

На седницата присуствуваа 11 (единаесет) члена на Советот на Општина Демир Хисар од вкупно 11 (единаесет и тоа: Благоја Станојоски, Марија Кочовска, Николче Димитријовски, Весна Ориѓанска, Татјана Кочовска, Александра Ѓорѓиовска Трајчевска, Валентина Ѓорѓиовска, Мишко Поповски, Добри Најдовски, Драге Пупунчевски Христина Бојаџиева Андреска. На седницата присутни беа претставници од општинската администрација Јасмина Василеска Перчаковска и Лила Талевска. Присуна беше и Директорката на ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар Наташа Коруновска.

Записникот го водеше Виолета Пајковска.

На седницата се расправаше по следниот

Дневен ред

1. Донесување на Одлука за давање согласност за измени и дополнување на Годишен план за вработување на ЈП ДЕХИ ТРАНС за 2021 година.
2. Донесување на Одлука за формирање на комбинирана паралелка од прво до петто одделение во ПУ „Гоце Делчев“ с.Стругово за учебната 2021/2022 година.
3. Предлози и прашања.

Претседателот на Советот ја отвори седницата, предложениот Дневен ред го стави на гласање. За усвојување на Дневниот ред гласаа 11 „за“ против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 1. Одлука за давање согласност за измени и дополнување на Годишен план за вработување на ЈП ДЕХИ ТРАНС за 2021 година***

За Одлуката за давање согласност за измени и дополнување на Годишен план за вработување на ЈП ДЕХИ ТРАНС за 2021 година објаснување имаше претставникот Јасмина Василеска Перчаковска. Планот беше донесен предходната седница, но поради потреба од измени на систематизација мора да се смени и планот. Имаше потреба да се направи усогласување на називите и шифрите на работните места во систематизацијата со каталогот на работните места, за да бидат прифатливи од Министерството за информатичко опшество. Тоа се направи добивме согласност сега треба исто да се усогласат во планот за вработување, и со овај план се бара вработување на четворица возачи тогаш беа запишани како возачи на минибуси, со измените се само возачи, исто наместо раководител на возен парк, со измените е работоводител, нема да има раководител. Советникот Мишко Поповски забележа работоводител и директор е исто исти работни задачи и предходно дискуија имаше за тоа. Потоа побара објаснување со какво образование треба да биди работоводителот и кој ќе бидат неговите работни задачи. Ако има забелешка дека станува збор за техничка грешка дописот требаше да биди доставен до советниците да видиме каде е забелешката. Претставникот Јасмина Василеска Перчаковска ги презентираше работните задачи на работоводителот, а Претседателот на Советот Благоја Станојоски додаде од описот може да се види што ќе работи, директорот нема да се занимава со регистрација на минибусите. Цело време тврдеше дека неможи јавно претпријатие да работи со тројца вработени. Советникот Мишко Поповски додаде кога се формира јавно претпријатие се мисли на сите работи, ова јавно претпријатие ќе работи со загуба, општината ќе мора да ја покрива загубата. Цело време ни беше кажувано дека ќе функционира со еден вработен и возачите без администрација, за тоа велев не е возможно тоа. Овде проблемот е што имаме две работни места со исти работни задачи, сето ова е некој да вработиме, но тоа е на штета на народот. Претседателот на Советот Благоја Станојоски истакна сега не треба да коментираме одлуката е веќе донесена. Советничката Александра Ѓорѓиовска Трајчевска дополни кога ќе се вработи на местото работоводител, истиот можи да се назначи за вд директор и местото ќе биди во мирување тоа не е спорно. Претставникот Јасмина В. Перчаковска додаде планот еднаш е донесен за истите работни места станува збор само технички се усогласуваат, треба да се донесе планот за да можи понатаму да се спроведе постапката. Претседателот на Советот Станојоски

се согласи добро ќе беше советниците да имаат копија од писменото известување со забелешките. Дискусија повеќе немаше. За донесување на измените и дополнувањата на планот за вработување на ЈП ДЕХИ ТРАНС гласаа 6 „за“ 5 „воздржани“.

***ТОЧКА 2. Одлука за формирање на комбинирана паралелка од прво до петто одделение во ПУ „Гоце Делчев“ с.Стругово за учебната 2021/2022 година***

За Одлуката за формирање на комбинирана паралелка од прво до петто одделение во ПУ „Гоце Делчев“ с.Стругово за учебната 2021/2022 година објаснување имаше директорката Наташа Коруновска, при тоа ги запозна советниците од страна на месната заедница Стругово имало поднесено барање до градоначалникот и советот да се отвори паралелката во с.Стругово до училиштето немаше доставено вакво барање. Согласно член 21 од законот за основно образование за подрачните училишта одлучува основачот, пред две години во училиштето немаше деца, со одлука на Совет се подели паралелката во Вардино и наставниот кадар се премести таму. Сега повторно се бара отворање на паралелката, не е спорно ако има ученици да се отвори повторно паралелката, старо финансисрање наставниот кадар ќе биди од постојниот нема да се бара ново финансирање. Советничката Валентина Ѓорѓиовска стави забележка членот 53 кој е цитиран во одлуката не е соодветен. Советничката Христина Бојаџиева Андреска предложи да има претставник од општината од делот на образованието. Потоа праша ако нема паралелка дали родителите сами ќе си обезбедуваат превоз, и дали така беше случајот со ученикот кога се затвори паралелката. Овде има нејаснотии затоа има потреба од дополнително објаснување убаво е да се обезбеди присуство на претставник. Директорката Наташа Коруновска објасни ако не се отвори паралелката учениците ќе ги носат комбињата, ако има отворено паралелка децата кои нема да учат тука родителите сами ќе му обезбедуваат превоз. Советничката Валентина Ѓорѓиовска додаде училиштето во Стругово не е затворено, бидејќи немаше ученици привремено се затвори. По барање на советниците на седницата пристигна претставник од општината Лила Талевска советник за образование. Претставникот Талевска објасни не станува збор за ново финансисрање, на барањето се потпишани двајца родители кои бараат да се отвори паралелката, а третиот родител кој е потпишан сеуште не сигурен во одлуката каде ќе го запише детето. Одлуката е на основачот, ако нема паралелка обврска на училиштето е да обезбеди превоз, огрев и наставен и помошен кадар, ако се отвори паралелка другите ученици кои нема да сакаат да учат тука ќе си плаќаат превоз. Советникот Мишко Поповски праша дали има позитивно мислење од Министерството за да може да се отвори паралелката, а потоа праша како се затворени училиштата во горни Демир Хисар. Претставниокот Талевска објасни училиштето во Стругово не е затворено, исто и другите подрачни училишта не се затворени со одлука, ако нема ученици ќе се затвори паралелката, наставниот кадар се прераспоредува. Советникот Мишко Поповски праша што ќе се случи ако некоја месна заедница побара да се отвори училиште каде повеќе години не работело. Претставникот Лила Талевска објасни во такви случаеви треба да се видат условите, При формирање на паралелките се внимава наставниот кадар да не остани без работа. За оваа ситуација требаше да бидат поканети претставници од месната заедница и родителите. Никој досега до мене не се обратил, иако сум од истото село нити ме контактирал некој што треба да се направи како е постапката. Тоа ме навредува посебно од постапката на родителите и месната заедница. Советничката Валентина Ѓорѓиовска замоли да се расправа по точката, бидејќи дискусијата се одалечи. Потоа истакна имаме официјално барање до советот и градоначалникот, и треба да се постапи, сите сме согласни дека училиштето не е затворено, само привремено паралелката беше затворена, секој родител има право да го запише детето каде смета дека ќе има подобри услови за настава, и училиштето има законско право да го запише ученикот. Сега во оваа одлука треба да се повикаме на членот од законот кој го регулира тоа право. Паралелката не е затворена, имаат право да ги запишат децата во Стругово, а ако се премислат нема да бидат примени назад. Во одлуката треба да се повика на член 63 од законот за основно образование, училиштето е должно да ги запише, а дали ќе се премислат или може да се презапишат ако има согласност. Ако има друга ситуација во септември ќе се донесе одлука, сега треба само да се дополни член 63 тоа е членот кој ја регулира реонизацијата на училиштата, и да се допрецизира членот 53. Претставникот Талевска се согласи многу е рано да се носи одлука за ова, на први септември ќе имаме друга ситуација. Потоа дополни нека бидат двата члена 53 и 63 да не се

оди во детали.  Советничката Марија Кочовска додаде ние постапуваме по барањето. Соиветничката Весна Ориѓанска исткна подобро е децата да учат на едно место каква настава ќе има едно дете само со наставничката, со тоа се согласи и советничката Христина Бојаџиева Андреска, потоа дополни тие ова барање требало да го доставт до училиштето.  Советничката Марија Кочовска рече треба да се внимава и на наставниот кадар, а советникот Мишко Поповски додаде што ќе се случи ако сите месни поднесат барање за отворање на училиштата, вака само се уназадуваат децата тие треба да учат на едно место да имаат настава со повеќе деца натпревар меѓу себе, треба на прво место да се стават учениците, а не наставниот кадар. Денес не знаеме што одлучуваме ако одлучат во септември да се вратат назад. Советникот Драге Пупунчевски додаде денес ние му излегуваме во пресрет на родителите кои бараат отворање на паралелка. Советничката Марија Кочовска додаде родителите имаат право законот му дозволува не можи да ги ограничуваме. Дискусијата беше исцрпена. За донесување на одлуката со дополнување гласаа 11 „за“.

**ТОЧКА 3. Предлози и прашања**

Советникот Николче Димитријовски имаше прашање до каде е постапката со Барањето од Железнец од страна на Советот барањето беше одобрено има реакции дека не постапено. Затоа побара од срана на Градоначалникот да биде одговорено во рок од 2-3 дена што е направено дали е исплатено.

Дискусија повеќе немаше.

Дневниот ред беше исцрпен, Претседателот на Советот ја затвори седницата.

**Бр.17- 762/3**
**29.07.2021 година**
**Демир Хисар**

**Совет на Општина Демир Хисар**
**Претседател,**
**Благоја Станојоски с.р.**